Проектот е финансиран
од Европската Унија

ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО МЕДИУМИТЕ
ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Лот број:** 1.3

**Референтен број на проектот:** IPA/2020/420-934

**Наслов на проектот:** Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија

**Финансиран од**: Европската Унија

# АНЕКС 1 – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ
# (TERMS OF REFERENCES - TOR)

**Позиција: Соработник на проект**

**Одговара на: Проектниот менаџер**

**Контекст:**

Со сè поголемата присутност на сензационалистичкото новинарство и неефикасното справување со говорот на омраза и дезинформациите во онлајн-медиумите и на социјалните мрежи, во сенка паѓаат професионалните стандарди и медиумската етика. Во последниве години, социјалните медиуми станаа најбрзиот начин за споделување информации до јавноста и, како последица на тоа, ефектот на содржините во овие медиуми има силно влијание врз јавноста. Говорот на омраза, повиците за насилство и линч се шират на различни начини и честопати се третираат како вести во одредени онлајн медиуми. Околу 23% од 68 одлуки донесени од СЕММ во 2018 година се однесуваа на дискриминација и говор на омраза. Во 2019 година, Комисијата за жалби при СЕММ прими 83 претставки, од кои 83% се однесуваа на онлајн медиумите. Дваесет проценти (или 12 претставки) беа поврзани со говор на омраза и дискриминација по различни основи. Според наодите во Мониторинг извештајот на „Насоките на ЕУ за слободата на медиумите и интегритетот на медиумите 2014-2020“, за 2017 година во сите земји од Западен Балкан, здруженијата на новинари или неформалните групи новинари го промовираат етичкиот кодекс, но истовремено имаат недостиг на ефикасни решенија за промени кон подобро. Ова е областа каде што треба да се воведат поефикасни мерки против говорот на омраза и друг вид неетичко однесување на медиумите.

Проектот има холистички пристап кон медиумската писменост, потпирајќи се на верувањето дека на различни групи во општеството со различни улоги и одговорности (уредници, новинари и други медиумски работници, владини институции, граѓански организации, граѓани) во сферата на медиумската продукција им е потребна постојана поддршка во градењето на капацитетите за развој на критички став кон информирањето, спречување и воздржување од пласирање и ширење наративи што се лажни, навредливи, пристрасни и штетни за поединци и групи во општеството.

Проектот е целосно во согласност со програмските цели на СЕММ и неговите заложби за поддршка на професионализмот во новинарството и медиумите во РСМ. Проектот ги поддржува и дополнително ги проширува активностите за решавање прашања кои претставуваат предизвици за објективно и непристрасно известување и информирање, како што се усвојување и почитување на професионалните и етичките стандарди во медиумите, партнерство со ЗНМ и ССНМ во мониторингот и известувањето за притисоците и заканите кон новинарите и понатамошен развој на професионалните стандарди во работата на медиумите преку соработка, вмрежување и редовно идентификување и преземање одговорност околу нарушувањата на Етичкиот кодекс.

Целните групи на проектот се: најмалку 50 медиуми во РСМ, уредници и новинари, граѓански организации активни во областа на слободата на медиумите, слободата на изразување и работата на професионалните медиуми и новинари (некои од нив ги вклучуваат ЗНМ, ССНМ, Македонски институт за медиуми), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавниот радиодифузер, односно Националната радио-телевизија, 5-те најголеми комерцијални ТВ-станици, како и граѓаните на РСМ.

Крајни корисници на проектот се: медиумите, уредниците и новинарите, граѓанските организации активни во областа на слободата на медиумите, слобода на изразување и работа на професионални медиуми и новинари, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавниот радиодифузер, односно Националната радио-телевизија, како и граѓаните на РСМ.

**Цели на проектот:**

**Главната цел на проектот е:** Зајакната слобода на медиумите и слободата на изразување во медиумите во Република Северна Македонија.

**Специфичната цел на проектот е**: Подобрување на саморегулацијата во медиумите во Република Северна Македонија.

Примарното прашање кое се адресира преку наведените активности е поврзано со поддршката на слободата на изразување преку развојот на етичките и професионалните стандарди во медиумите. Појавата на нови медиуми, а особено зголемувањето на влијанието на социјалните медиуми, дополнително го влошија проблемот. Историјата на политичко влијание во областа на медиумите и работата на новинарите е проблем што сериозно ја загрозува целта на етичкото известување за медиумите. Политичките влијанија доаѓаат до израз на многу начини - преку сопственичката структура на медиумите во земјата, преку директен/индиректен притисок врз медиумите и новинарите, но и како последица на важноста што ја имаат политичките елити во финансиската одржливост на медиумите во земјата.

СЕММ ќе продолжи да го промовира механизмот за поднесување претставки до Комисијата за жалби, како можност за утврдување обработка на случаите во медиумите во кои е забележано нарушување на Етичкиот кодекс. Стекнатите знаења и информации се презентираат во посебни студии на случаи кои потоа ќе бидат дистрибуирани до различни засегнати страни и групи (новинари и медиумски работници, власта, граѓаните и граѓанските организации). Широката примена на овој механизам не само што ќе поттикне поголема отчетност и саморегулација кај медиумите, туку ќе придонесе и за утврдување и третирање на случаите во кои е забележано непрофесионално и неетичко известување, низ истовремено зајакнување на медиумската писменост.

**Предмет на набавката:**

Ангажирање на надворешен „Соработник на проект“ кој/а ќе помага во различни аспекти поврзани со секојдневното работење на организацијата.

**Задолженија:**

- Во соработка со Проектниот менаџер и извршната канцеларија, контактирање со медиуми и новинари за дискусија и застапување за поддршка на концептот на саморегулација во медиумите;
- Олеснување на комуникацијата со релевантните чинители во врска со унапредувањето на медиумската саморегулација во земјата, како што се претставници на релевантни јавни институции, регулаторни тела, судството, граѓанскиот сектор, итн;
- Придонес во процесот на вмрежување меѓу релевантните тела од професионалните медиумски организации за утврдување ставови, сугестии и барања за подобрување на етичката рамка во различни области, (подготовка на прашалници, користење истражувачки методи за собирање податоци и сл.);
- Придонес во составувањето предлози и препораки во врска со подобрувањето на етичката рамка кои што ќе бидат доставени до медиумите на национално ниво;
- Поддршка при идентификување нови и иновативни практики за зголемување на транспарентноста и видливоста на резултатите од Проектот;
- Поддршка при планирање на процесот на креирање развоен план на СЕММ.

**Квалификации и претходно искуство**

Успешните понудувачи треба да имаат:

1. Универзитетска диплома по новинарство, комуникации, право или друго слично поле на образование.
2. Темелни знаења и разбирање на медиумскиот простор и случувања во Северна Македонија, како и познавање на релевантната законска рамка, практиките поврзани со саморегулацијата и етичките стандарди во новинарството.
3. Повеќе од 5 години искуство во истражување на медиумските политики и / или анализи во областа на новинарството.
4. Објавени академски и/или стручни публикации релевантни за описот на задачите за овој ангажман.
5. Одлични вештини за анализа, пишување и известување.
6. Напредно познавање на англискиот јазик.

Проектот е финансиран од Европската Унија

**Финансиски надомест:**

Предвидената сума е пресметана врз основа на просечната пазарна цена и приближниот број денови на ангажман за овој вид услуга.

- Вкупната цена ги вклучува сите трошоци што би можело да се случат во текот на реализација на задачите (патувања, комуникации и слично).

Деталите и начинот на исплата ќе бидат дефинирани во договорот склучен помеѓу барателот за услугата и избраниот понудувач.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- Износите ќе се исплаќаат без пресметан ДДВ, имајќи предвид дека Проектот е ослободен од исплата на ДДВ, во согласност со решението од Управата за јавни приходи – УЈП и билатералниот договор помеѓу РСМ и ЕУ, видно од потврдата од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), со број: 20-15/2 од 12.02.2021 год.
- Исплаќањето ќе се реализира на месечна основа.

**Временска рамка:**

Од 01.04.2021 година до 03.01.2023 година.

- Планираниот датум за отпочнување и користење на услугите од „Соработникот на проектот“ е денот на потпишување на договорот со избраниот понудувач. Договорот ќе биде склучен за наведениот временски период.
- Вкупниот ангажман изнесува 3 месеци во текот на 2021 година и 3 месеци во текот на 2022 година.
- Доколку условите наведени во склучениот договор не се почитуваат од страна на избраниот понудувач, СЕММ има право и пред истекот на договорениот рок да го раскине договорот, а по претходно писмено известување во рок од 3 работни дена пред раскинувањето.

**Анекс бр. 1**